Важи од 03.09.2019

# Политика за поднесување барања и склучување договори за засновање претлатнички однос за пристап и користење на јавни комуникациски услуги со Друштвото за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје

## Нови и постоечки претплатници

Договор за засновање на претплатнички однос за користење јавни електронски комуникациски услуги
(понатаму - Претплатнички договор) со Операторот А1 Македонија ДООЕЛ Скопје (понатаму – А1 Македонија ) може да склучи само:

1) Полнолетно деловно способно физичко лице. Во случај на потпишување на претплатнички договор со физичко лице, договорот треба да биде потпишан лично од страна на барателот, или од лице овластено за таа цел со нотарски заверено полномошно.

2) Правно лице регистрирано во Република Северна Македонија против кое не е поведена предстечајна, стечајна постапка или постапка за ликвидација. Во случај на потпишување на претплатнички договор со правно лице, договорот треба да биде потпишан од законски застапник на правното лице или од вработен овластен за таа цел со полномошно издадено и заверено со печат од правното лице.

### 1) Склучување на Претплатнички договор со физички лица, државјани на Република Северна Македонија

#### a. Услови за Нов претплатник кој не бил претходно

**корисник : Потребни документи:**

- Пополнет образец “Барање за склучување договор за засновање претплатнички однос за користење на јавни комуникациски услуги” на формулар обезбеден од А1 Македонија (Барање).
- Согласност за проверка на платежната способност, (согласност за доставување извештај од Македонското кредитно биро АД Скопје) – дел од Барањето.
- Еден валиден документ за лична идентификација со слика-лична карта или пасош.
- Доказ за владение со имот, во случај на активација на фиксни услуги на адреса за инсталација различна од онаа од документите за лична идентификација (договор за закуп, купопродажен договор, имотен лист).

- Потврда за заснован работен однос и лични примања или потврда за остварена пензија со примања поголеми од 8.000,оо денари во случај на авторизирање на барање за потрошувачки наменски кредит за купување опрема на рати преку А1 Македонија Дооел Скопје.

**Број на линии и субвенционирана терминална опрема:**

- При склучување на Претплатнички договор со нов претплатник, кој не бил претходно корисник на тарифните модели кои ги нуди А1 Македонија, дозволено е активирање на максимум три (3) мобилни претплатнички линии. Доколку Претплатничкиот договор е склучен со задолжително минимално времетраење на договорната обврска од 12 или 24 месеци, Претплатникот може да набави максимум три (3) терминални уреди (мобилен телефон, лаптоп, таблет, дата стик итн.) по субвенционирана цена за терминална опрема. По исклучок, на Претплатник за кој е утврдена платежна неспособност односно презадолженост базирана на извештај добиен од Македонското кредитно биро не му следува набавка на на терминални уреди по субвенционирана цена.
- Доколку Претплатничкиот договор е склучен на неопределено време или на договорна обврска од 3 месеци Претплатникот може да набави максимум три (3) терминални уреди (мобилен телефон, лаптоп, таблет, дата стик итн.) по цена за терминална опрема утврдена во Ценовникот на А1 Македонија објавен на интернет страницата www.a1.mk за договор на 3 месеци или за договор на неопределено време (без субвенции).
- Во случај на активација на фиксни услуги при склучување на Претплатнички договор со нов претплатник, кој не бил претходно корисник на тарифните модели кои ги нуди А1 Македонија, дозволено е активирање на максимум две (2) фиксни линии. При активација на дополнителен - втор пакет кој вклучува фиксни услуги, за активацијата се прави нов Претплатнички договор.

**b. Услови за Постоечки претплатник кој има валиден Претплатнички договор**

**Потребни документи:**

- Еден валиден документ за лична идентификација со слика, (лична карта или пасош).

**Број на линии и субвенционирана терминална опрема:**

- Постоечки претплатник може да активира дополнителни мобилни претплатнички линии по истек на 120 дена по потпишувањето на Претплатничкиот договор, доколку истиот нема неплатени доспеани месечни сметки во овој период. Максималниот број на мобилни претплатнички линии кои едно физичко лице може да ги активира во тарифните модели кои ги нуди А1 Македонија изнесува вкупно шест (6) линии. На сите одобрени дополнителни мобилни претплатнички линии со задолжително минимално времетраење на договорната обврска од 12 или 24 месеци им следува набавка на терминални уреди по субвенционирана цена за терминална опрема во согласност со моменталната важечка понуда од А1 Македонија. По исклучок, на Претплатник за кој е утврдена платежна неспособност односно презадолженост базирана на извештај добиен од Македонското кредитно биро не му следува набавка на терминални уреди по субвенционирана цена.
- За одобрените дополнителни мобилни претплатнички линии на неопределено време или на договорна обврска од 3 месеци следува терминална опрема по цена за терминална опрема утврдена во Ценовникот на А1 Македонија објавен на интернет

страницата www.a1.mk за договор на 3 месеци или за договор на неопределено време (без субвенции).

- При активација на дополнителни фиксни услуги дозволено е активирање до максимумот од три (3) фиксни линии за претплатник физичко лице, доколку претплатникот нема неплатени доспеани месечни сметки и за кој не е утврдена платежна неспособност односно презадолженост базирана на извештај добиен од Македонското кредитно биро. При активација на дополнителен - втор пакет кој вклучува фиксни услуги, за активацијата се прави нов Претплатнички договор. Еден Претплатник може да потпише максимум три (3) Претплатнички договори.

- Врз основа на извршена интерна анализа, А1 Македонија го задржува правото да дозволи активирање на помал број на дополнителни претплатнички линии од бројот на линии побарани од Претплатникот или воопшто да не дозволи активирање на дополнителни претплатнички линии.

**Обнова (продолжување) на задолжително минимално времетраење на договорната обврска на постоечки валиден Претплатнички договор:**

- Обновата на задолжителното минимално времетраење на договорната обврска на постоечки валиден Претплатнички договор може да се изврши за сите претплатнички линии за коишто истекува договорната обврска. Обновата не е дозволена за Претплатници коишто имаат неплатени доспеани сметки и за кој не е утврдена платежна неспособност односно презадолженост базирана на извештај добиен од Македонското кредитно биро.
- Обновата на задолжително минимално времетраење на договорната обврска за претплатничките линии се одобрува со валидна лична карта или пасош на физичкото лице, носител на Претплатничкиот договор.
- За сите обновени мобилни претплатнички линии, на период од задолжителното минимално времетраење на договорната обврска на нови 12 или 24 месеци им следува набавка на терминални уреди по субвенционирана цена за терминална опрема во согласност со моменталната важечка понуда од А1 Македонија. По исклучок, на Претплатник за кој е утврдена платежна неспособност односно презадолженост базирана на извештај добиен од Македонското кредитно биро не му следува набавка на терминални уреди по субвенционирана цена.

**Склучување на нов Претплатнички договор кој претходно бил раскинат поради постоење на околности на страната на Претплатникот:**

- Претплатник на кој А1 Македонија претходно му го раскинал Претплатничкиот договор поради неисполнување на договорните обврски или други причини на страна на Претплатникот, може повторно да воспостави претплатнички однос со А1 Македонија само со склучување на нов Претплатнички договор. Склучување на нов Претплатнички договор е дозволено само доколку Претплатникот претходно ги платил сите заостанати месечни сметки од претходниот Претплатнички договор, и евентуални административни, судски и нотарски трошоци како и трошоци за извршител.
- Документите потребни за склучување на нов Претплатнички договор се исти како оние предвидени под точка 1) а. погоре.
- Со склучувањето на новиот Претплатнички договор, на Претплатникот му е дозволено да активира онолку претплатнички линии колку што користел во моментот на раскинувањето на претходниот Претплатнички договор. Активирање на нови дополнителни претплатнички линии не е дозволено во период од 120 дена од денот на

склучување на новиот Претплатнички договор.

- Активирање на претплатничките линии е дозволено само со склучување на Претплатнички договор со задолжително минимално времетраење на договорната обврска од 12 или 24 месеци. Во овој случај на Претплатникот Не му следува набавка на терминални уреди по субвенционирана цена за терминална опрема, туку само по цени утврдени во Ценовникот на А1 Македонија објавен на интернет страницата www.a1.mk за договор на 3 месеци или за договор на неопределено време (без субвенции).

## 2) Склучување на Договор за засновање на претплатнички однос со Физички лица - странски државјанин со престој во Република Северна Македонија

### a. Услови за Нов постпејд Претплатник странски државјанин : Потребни документи:

- Пополнет образец "Барање за склучување договор за засновање претплатнички однос за користење на јавни комуникациски услуги" на формулар обезбеден од А1 Македонија (Барање).
- Согласност за проверка на платежната способност, (согласност за доставување извештај од Македонското кредитно биро АД Скопје) – дел од Барањето.
- Важечки пасош издаден од државата чиј државјанин е барателот;
- Валидна дозвола за престој во Република Северна Македонија или лична карта за странци издадена од МВР на Република Северна Македонија;
- Потврда за вработување издадена од правно лице регистрирано во Република Северна Македонија каде што е вработен барателот, која не е постара од 15 дена. Во издадената потврда треба да биде наведен временскиот период на важење на Договорот за работа на барателот со правното лице - издавач на потврдата.
- Доказ за владение со имот, во случај на активација на фиксни услуги на адреса за инсталација различна од онаа од документите за лична идентификација (договор за закуп, купопродажен договор, имотен лист).

**Број на линии и субвенционирана терминална опрема:**

- При склучување на Претплатнички договор со нов Претплатник странски државјанин, кој не бил претходно корисник на тарифните модели кои ги нуди А1 Македонија, дозволено е активирање на максимум три 3 мобилни предплатнички линии.
- Доколку Претплатничкиот договор е склучен со задолжително минимално времетраење на договорната обврска од 12 или 24 месеци, Претплатникот може да набави максимум три (3) терминални уреди (мобилен телефон, лаптоп, таблет, дата стик итн.) по субвенционирана цена за терминална опрема.
- Доколку Претплатничкиот договор е склучен на неопределено време или на договорна обврска од 3 месеци.Претплатникот може да набави максимум три (3) терминални уреди (мобилен телефон, лаптоп, таблет, дата стик итн.) по цена за терминална опрема утврдена во Ценовникот на А1 Македонија на интернет страницата www.a1.mk за договор на 3 месеци или за договор на неопределено време (без субвенции).

- Во случај на активација на фиксни услуги при склучување на Претплатнички договор со нов претплатник, кој не бил претходно корисник на тарифните модели кои ги нуди А1 Македонија, дозволено е активирање на максимум две (2) фиксни линии. При активација на дополнителен - втор пакет кој вклучува фиксни услуги,

за активацијата се прави нов Претплатнички договор.

**b. Услови за Постоечки постпејд Претплатник странски државјанин кој има валиден Претплатнички договор**

**Потребни документи:**

- Важечки пасош издаден од државата чиј државјанин е барателот
- Валидна дозвола за престој во Република Северна Македонија или лична карта за странци издадена од МВР на Република Северна Македонија.

**Број на линии и субвенционирана терминална опрема:**

- Постоечки Претплатник странски државјанин може да активира дополнителни мобилни претплатнички линии по истек на 120 дена по потпишувањето на Претплатничкиот договор, доколку истиот нема неплатени доспеани месечни сметки во овој период. Максималниот број на мобилни претплатнички линии кои едно физичко лице - странски државјанин може да ги активира под еден Претплатнички договор изнесува шест (6) линии.
- На сите одобрени дополнителни мобилни претплатнички линии со задолжително минимално времетраење на договорната обврска од 12 или 24 месеци им следува набавка на терминални уреди по субвенционирана цена за терминална опрема во согласност со моменталната важечка понуда од А1 Македонија .
- За одобрените дополнителни мобилни претплатнички линии на неопределено време или на договорна обврска од 3 месеци следува терминална опрема по цена за терминална опрема утврдена во Ценовникот на А1 Македонија објавен на веб страницата www.a1.mk за договор на 3 месеци или за договор на неопределено време (без субвенции).
- При активација на дополнителни фиксни услуги дозволено е активирање до максимумот од три

(3) фиксни линии за претплатник странски државјанин, доколку претплатникот нема неплатени доспеани месечни сметки и за кој не е утврдена платежна неспособност односно презадолженост базирана на извештај добиен од Македонското кредитно биро. При активација на дополнителен - втор пакет кој вклучува фиксни услуги, за активацијата се прави нов Претплатнички договор. Еден Претплатник може да потпише максимум три ( 3) Претплатнички договори.

- Врз основа на извршена интерна анализа, А1 Македонија го задржува правото да дозволи активирање на помал број на дополнителни претплатнички линии од бројот на линии побарани од Претплатникот или воопшто да не дозволи активирање на дополнителни претплатнички линии.

**Обнова (продолжување) на задолжително минимално времетраење на договорната обврска на постоечки валиден претплатнички договор за странски државјанин:**

- Обновата на задолжителното минимално времетраење на договорната обврска на постоечки валиден Претплатнички договор може да се изврши за сите претплатнички линии за коишто истекува договорната обврска. Обновата не е дозволена за Претплатници странски државјани коишто имаат неплатени доспеани сметки.
- Обновата на задолжително минимално времетраење на договорната обврска за претплатничките линии се одобрува со важечки пасош издаден од државата чиј државјанин е носителот на претплатничкиот договорот или лична карта за странци издадена од МВР на Република Северна Македонија.
- За сите обновени мобилни претплатнички линии, на период од задолжителното минимално времетраење на договорната обврска на нови 12 или 24 месеци им следува набавка на терминални уреди по субвенционирана цена за терминална опрема во согласност со моменталната важечка понуда од А1 Македонија.

**Склучување на нов Претплатнички договор кој претходно бил раскинат поради постоење на околности на страната на Претплатникот странски државјанин:**

- Претплатник странски државјанин на кој А1 Македонија претходно му го раскинал Претплатничкиот договор поради неисполнување на договорните обврски или други причини на страна на Претплатникот, може повторно да воспостави претплатнички однос со А1 Македонија само со склучување на нов Претплатнички договор. Склучување на нов Претплатнички договор е дозволено само доколку Претплатникот претходно ги платил сите заостанати месечни сметки од претходниот Претплатнички договор, и евентуални административни, судски и нотарски трошоци како и трошоци за извршител.
- Документите потребни за склучување на нов Претплатнички договор се исти како оние предвидени под точка 2) а. погоре.
- Со склучувањето на новиот Претплатнички договор, на Претплатникот му е дозволено да активира онолку претплатнички линии колку што користел во моментот на раскинувањето на претходниот Претплатнички договор. Активирање на нови дополнителни претплатнички линии не е дозволено во период од 120 дена од денот на склучување на новиот Претплатнички договор.
- Активирање на претплатничките линии е дозволено само со склучување на Претплатнички договор со задолжително минимално времетраење на договорната обврска од12 или 24 месеци. Во овој случај на Претплатникот не му следува набавка на терминални уреди по субвенционирана цена за терминална опрема, туку само по цени утврдени во Ценовникот на А1 Македонија објавен на интернет страницата www.a1.mk за договор на 3 месеци или за договор на неопределено време (без субвенции).

**3) Склучување на Претплатнички договор со Физички лица државјани на Република Северна Македонија со пренесување на претплатнички броеви од друг оператор – МНП и/или ФНП**

**а. Услови за МНП и/или ФНП**

**претплатници: Потребни документи:**

- Пополнет образец “Барање за склучување договор за засновање претплатнички однос за користење на јавни комуникациски услуги” на формулар обезбеден од А1 Македонија (Барање).
- Согласност за проверка на платежната способност, (согласност за доставување извештај од Македонското кредитно биро АД Скопје) – дел од Барањето.
- Еден валиден документ за лична идентификација со слика-лична карта или пасош.
- Платена сметка од изминатите два месеца која е издадена од операторот кој е давател на бројот .
- Доказ за владение со имот, во случај на активација на фиксни услуги на адреса за инсталација различна од онаа од документите за лична идентификација (договор за закуп, купопродажен
- договор, имотен лист).
- Поднесено Барање за пренесување на претплатнички број кое ке биде прифатено само доколку барателот ги исполнува условите за засновање претплатнички однос со А1 Македонија.
- Претплатничкиот договор стапува во сила во моментот на фактичкото пренесување на бројот, за којшто се бара пренесувањето од операторот - давател на број, освен во случај кога барањето за склучување на претплатнички договор за пренесување на број е одбиено од операторот - давател на број - МНП.
- Доколку пренесувањето на бројот - МНП не е дозволено од операторот - давател на број тогаш барањето за пренесување на број се одбива, а потпишаниот Договор за претплатнички однос со А1 Македонија е неважечки.
- Потврда за заснован работен однос и лични примања или потврда за остварена пензија со примања поголеми од 8.000,оо денари во случај на авторизирање на барање за потрошувачки наменски кредит за купување опрема на рати преку А1 Македонија Доо Скопје.

**Број на линии и субвенционирана терминална опрема:**

- При склучување на Претплатнички договор со МНП Претплатник максималниот број на претплатнички линии кои едно физичко лице може да ги активира под еден Претплатнички договор изнесува шест (6) линии.
- Доколку Претплатничкиот договор е склучен со задолжително минимално времетраење на договорната обврска од 12 или 24 месеци, МНП Претплатникот може да набави максимум шест (6) терминални уреди (мобилен телефон,лаптоп, таблет, дата стик итн.) по субвенционирана цена затерминална опрема. По исклучок, на МНП Претплатник за кој е утврдена платежна неспособност односно презадолженост базирана на извештај добиен од Македонското кредитно биро не му следува набавка на на терминални уреди по субвенционирана цена.
- Доколку Претплатничкиот договор е склучен на неопределено време или на договорна обврска од 3 месеци МНП Претплатникот може да набави максимум шест (6) терминални

уреди (мобилен телефон, лаптоп, таблет, дата стик итн.) по цена за терминална опрема утврдена во Ценовникот на А1 Македонија објавен на веб страницата www.a1.mk за договор на 3 месеци или за договор на неопределено време (без субвенции).

- При склучување на ФНП Претплатнички договор со нов претплатник, кој не бил претходно корисник на тарифните модели кои ги нуди А1 Македонија, дозволено е активирање на максимум три (3) фиксни линии. При активација на дополнителен - втор пакет кој вклучува фиксни услуги активацијата се прави на нов Претплатнички договор. Еден Претплатник може да потпише максимум три (3) Претплатнички договори.

**Обнова (продолжување) на задолжително минимално времетраење на договорната обврска на постоечки валиден Претплатнички договор:**

- Обновата на задолжителното минимално времетраење на договорната обврска на постоечки валиден Претплатнички договор може да се изврши за сите претплатнички линии за коишто истекува договорната обврска. Обновата не е дозволена за Претплатници коишто имаат неплатени доспеани сметки. и за кој не е утврдена платежна неспособност односно презадолженост базирана на извештај добиен од Македонското кредитно биро.
- Обновата на задолжително минимално времетраење на договорната обврска за претплатничките линии се одобрува со валидна лична карта или пасош на физичкото лице, носител на претплатничкиот договорот. За сите обновени мобилни претплатнички линии, на период од задолжителното минимално времетраење на договорната обврска на нови 12 или 24 месеци им следува набавка на терминални уреди по субвенционирана цена за терминална опрема во согласност со моменталната важечка понуда од А1 Македонија за корисниците. По исклучок, на МНП или ФНП Претплатник за кој е утврдена платежна неспособност односно презадолженост базирана на извештај добиен од Македонското кредитно биро не му следува набавка на на терминални уреди по субвенционирана цена.

**Склучување на нов Претплатнички договор кој претходно бил раскинат поради постоење на околности на страната на МНП или ФНП Претплатникот:**

- МНП или ФНП Претплатник на кој А1 Македонија претходно му го раскинал Претплатничкиот договор поради неисполнување на договорните обврски или други причини на страна на Претплатникот, може повторно да воспостави претплатнички однос со А1 Македонија само со склучување на нов Претплатнички договор. Склучување на нов Претплатнички договор е дозволено само доколку МНП или ФНП Претплатникот претходно ги платил сите заостанати месечни сметки од претходниот Претплатнички договор, и евентуални административни, судски и нотарски трошоци како и трошоци за извршител.
- Документите потребни за склучување на нов Претплатнички договор се исти како оние предвидени под точка 1) а. погоре.
- При склучување на Претплатничкиот договор ке се испита техничката и законската можност за доделувањето на истите претплатнички броеви (нумерација) кој што биле пренесени од операторот - давател на број. Доколку не е можно активирање на претплатничките линии со истите претплатнички броеви, А1 Македонија на МНП или ФНП Претплатникот ќе му додели нови броеви од нумерациското подрачје на А1 Македонија наменето за корисниците.
- Со склучувањето на новиот Претплатнички договор, на МНП или ФНП Претплатникот му е дозволено да активира онолку претплатнички линии колку што користел во моментот на раскинувањето на претходниот Претплатнички договор. Активирање на нови дополнителни претплатнички линии не е дозволено во период од 120 дена од денот на склучување на новиот Претплатнички договор.

- Активирање на претплатничките линии е дозволено само со склучување на Претплатнички договор со задолжително минимално времетраење на договорната обврска од12 или 24 месеци. Во овој случај на МНП или ФНП Претплатникот не му следува набавка на терминални уреди по субвенционирана цена за терминална опрема, туку само по цени утврдени во Ценовникот на А1 Македонија објавен на интернет страницата www.a1.mk за договор на 3 месеци или за договор на неопределено време (без субвенции).

**4) Склучување на Договор за засновање на претплатнички однос со Правни лица регистрирани во Република Северна Македонија (Бизнис Претплатник)**

**a. Услови за Нов Бизнис Претплатник кој не бил претходно**

**корисник на : Потребни документи:**

- Пополнет образец "Барање за склучување договор за засновање претплатнички однос за користење на јавни комуникациски услуги" на формулар обезбеден од А1 Македонија (Барање).
- Согласност за проверка на платежната способност, (согласност за доставување извештај од Македонското кредитно биро АД Скопје) – дел од Барањето.
- Извод од тековна состојба издаден од Централниот регистар на Република Северна Македонија, не постар од 1 месец кој што на барање на Бизнис претплатникот може да биде обезбеден од страна на А1 Македонија.
- Потписен картон на жиро-сметката на правното лице издаден од овластено лице во банката – депонент. Извод од банкарска сметка не постар од 30 дена.
- Лична карта или пасош од законскиот застапник или доколку договорот го потпишува ополномоштено лице - негова лична карта или пасош и полномошно потпишано од законскиот застапник и заверено со печат од правното лице - Претплатник
- Доказ за владение со имот, во случај на активација на фиксни услуги на адреса за инсталација различна од онаа од документацијата, односно различна од адресата на седиште, некоја од адресите од подружниците или адресата од документ за лична идентификација на управителот на правното лице (договор за закуп, купопродажен договор, имотен лист).
- При поднесување на Барање од правно лице за засновање на претплатнички однос за повеќе претплатнички линии дополнително се приложуваат и следните документи:
- Над 10 претплатнички линии - Доказ за платежна способност издадена од банката - депонент, (извештај за солвентност издаден од банката). Над 25 претплатнички линии - Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех (бонитет) издаден од Централниот регистар на Република Северна Македонија за претходната деловна година.
- Доколку правното лице е ослободено од обврска за плаќање на ДДВ потребно е да се достави и важечка потврда за ослободување од ДДВ издадена од Владата на Република Северна Македонија.

**Број на линии и субвенционирана терминална опрема:**

- А1 Македонија го одобрува бројот на претплатнички линии побарани за активација од страна на Бизнис Претплатникот и ги определува условите за нивно активирање врз основа на извршена интерна анализа. А1 Македонија го задржува правото да дозволи активирање на помал број на претплатнички линии од бројот на линии побарани од Бизнис Претплатникот или воопшто да не дозволи активирање на претплатнички линии.
- Доколку Претплатничкиот договор е склучен со задолжително минимално времетраење на договорната обврска од 12 или 24 месеци, Бизнис Претплатникот може да набави

терминални уреди (мобилен
телефон, лаптоп, таблет, дата стик итн.) по субвенционирана цена за терминална опрема за мобилните претплатнички линии. По исклучок, на Бизнис Претплатник за кој е утврдена платежна неспособност односно презадолженост базирана на извештај добиен од Македонското кредитно биро не му следува набавка на терминални уреди по субвенционирана цена.

- Доколку Претплатничкиот договор е склучен на неопределено време или на договорна обврска од 3 месеци Бизнис Претплатникот може да набави терминални уреди (мобилен телефон, лаптоп, таблет, дата стик итн.) по цена за терминална опрема утврдена во Ценовникот на А1 Македонија објавен на интернет страницата www.a1.mk за договор на 3 месеци или за договор на неопределено време (без субвенции).
- Во случај на активација на фиксни услуги при склучување на Претплатнички договор со нов претплатник, кој не бил претходно корисник на тарифните модели кои ги нуди А1 Македонија, дозволено е активирање на максимум пет (5) фиксни линии. При активација на дополнителен пакет кој вклучува фиксни услуги активацијата се прави на нов Претплатнички договор. Еден Претплатник може да потпише максимум три (3) Претплатнички договори .

**b. Услови за постоечки Бизнис**

**Претплатник Потребни документи:**

- Лична карта или пасош законски застапник кој го потпишува договорот, или
- Лична карта или пасош и полномошно потпишано од законски застапник и заверено со печат од правното лице - Претплатник, доколку документацијата ја потпишува полномошник на правното лице.

**Број на линии и субвенционирана терминална опрема:**

- Дополнителните претплатнички линии се дозволени доколку правното лице – Бизнис Претплатник нема неплатени доспеани месечни сметки.
- На сите одобрени дополнителни мобилни претплатнички линии со задолжително минимално времетраење на договорната обврска од 12 или 24 месеци им следува набавка на терминални уреди по субвенционирана цена за терминална опрема во согласност со моменталната важечка понуда од А1 Македонија за корисниците. По исклучок, на Бизнис Претплатник за кој е утврдена платежна неспособност односно презадолженост базирана на извештај добиен од Македонското кредитно биро не му следува набавка на на терминални уреди по субвенционирана цена.
- За одобрените дополнителни линии на неопределено време или на договорна обврска од 3 месеци следува терминална опрема по цена за терминална опрема утврдена во Ценовникот на А1 Македонија објавен на интернет страницата www.a1.mk за договор на 3 месеци или за договор на неопределено време (без субвенции).
- При активација на дополнителни фиксни услуги дозволено е активирање на максимум пет (5) фиксни линии. При активација на дополнителен пакет кој вклучува фиксни услуги активацијата се прави на нов Претплатнички договор. Еден Претплатник може да потпише максимум три (3) Претплатнички договори.

**c. Обнова (продолжување) на задолжително минимално времетраење на договорната обврска на постоечки валиден Претплатнички договор:**

- Обновата на задолжителното минимално времетраење на договорната обврска на постоечки валиден Претплатнички договор може да се изврши за сите претплатнички линии за коишто истекува договорната обврска. Обновата не е дозволена за правни лица – Бизнис Претплатници коишто имаат неплатени доспеани сметки.
- Обновата на задолжително минимално времетраење на договорната обврска на претплатничките линии се врши со поднесување на извод за тековната состојба на правното лице - Претплатник издаден од Централниот регистар на РМ не постар од 1 месец кој што на барање на Бизнис претплатникот може да биде обезбеден од страна на А1 Македонија.
- Договорот за обнова на задолжителното минимално времетраење го потпишува законскиот застапник или од него опономоштено лице со приложување на лична карта или пасош од законски застапник кој го потпишува договорот, или доколку договорот го потпишува ополномоштено лице - негова лична карта или пасош и полномошно потпишано од законскиот застапник и заверено со печат од правното лице - Претплатник.
- За сите обновени мобилни претплатнички линии, на период од задолжителното минимално времетраење на договорната обврска на нови 12 или 24 месеци им следува набавка на терминални уреди по субвенционирана цена за терминална опрема во согласност со моменталната важечка понуда од А1 Македонија за корисниците. По исклучок, на Претплатник за кој е утврдена платежна неспособност односно презадолженост базирана на извештај добиен од Македонското кредитно биро не му следува набавка на на терминални уреди по субвенционирана цена.

**d. Склучување на нов Претплатнички договор кој претходно бил раскинат поради постоење на околности на страната на Бизнис Претплатникот:**

- Бизнис претплатник на кој А1 Македонија претходно му го раскинал Претплатничкиот договор поради неисполнување на договорните обврски и други причини на страна на Претплатникот, може повторно да воспостави претплатнички однос со А1 Македонија само со склучување на нов Претплатнички договор. Склучување на нов Претплатнички договор е дозволено само доколку Претплатникот претходно ги платил сите заостанати месечни сметки од претходниот Претплатнички договор, и евентуални административни, судски и нотарски трошоци како и трошоци за извршител.
- Документите потребни за склучување на нов Претплатнички договор се исти како оние предвидени под точка 4) а. погоре.
- Со склучувањето на новиот Претплатнички договор, на правното лице -Претплатник му е дозволено да активира онолку претплатнички линии колку што користел во моментот на раскинувањето на претходниот Претплатнички договор. Активирање на нови дополнителни претплатнички линии не е дозволено во период од 120 дена од денот на склучување на новиот Претплатнички договор.
- Активирање на претплатничките линии е дозволено само со склучување на Претплатнички договор со задолжително минимално времетраење на договорната обврска од12 или 24 месеци. Во овој случај на Претплатникот не му следува набавка на терминални уреди по субвенционирана цена за терминална опрема, туку само по цени утврдени во Ценовникот на А1 Македонија објавен на интернет страницата www.a1.mk за договор на 3 месеци или за договор на неопределено време (без субвенции).

**5) Склучување на Договор за засновање на претплатнички однос со правно лице регистрирано во Република Северна Македонија кое врши пренесување на претплатнички броеви од друг оператор – МНП и/или ФНП Бизнис Претплатник**

**a. Услови за Нови МНП и/или ФНП Бизнис**

**Претплатници: Потребни документи:**

- Пополнет образец “Барање за склучување договор за засновање претплатнички однос за користење на јавни комуникациски услуги” на образец обезбеден од А1 Македонија (Барање).
- Согласност за проверка на платежната способност, (согласност за доставување извештај од Македонското кредитно биро АД Скопје) – дел од Барањето
- Извод од тековна состојба издаден од Централниот регистар на Република Северна Македонија, не постар од 1 месец кој што на барање на МНП или ФНП Бизнис претплатникот може да биде обезбедено од страна на А1 Македонија.
- Потписен картон на жиро-сметката на правното лице издаден од овластено лице во банката – депонент Извод од банкарска сметка не постар од 30 дена
- Лична карта или пасош од законскиот застапник или или доколку документите ги потпишува ополномоштено лице - негова лична карта или пасош и полномошно потпишано од законскиот застапник и заверено со печат од правното лице - Претплатник.
- Поднесено Барање за пренесување на претплатнички број/броеви кое ке биде прифатено само доколку барателот ги исполнува условите за засновање претплатнички однос со А1 Македонија.
- Претплатничкиот договор стапува во сила во моментот на фактичкото пренесување на бројот - МНП, за којшто се бара пренесувањето од операторот - давател на број, освен во случај кога барањето за склучување на претплатнички договор за пренесување на број е одбиено од операторот - давател на број.
- Доколку пренесувањето на бројот не е дозволено од операторот - давател на број тогаш барањето за пренесување на број се одбива, а потпишаниот Договор за претплатнички однос со А1 Македонија е неважечки - МНП.
- При поднесување на Барање од правно лице за засновање на претплатнички однос за повеќе претплатнички линии дополнително се приложуваат и следните документи:
- Над 10 претплатнички линии - Доказ за платежна способност издадена од анката - депонент, (извештај за солвентност издаден од банката).
- Над 25 претплатнички линии - Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех (бонитет) издаден од Централниот регистар на Република Северна Македонија за претходната деловна година.
- Доколку правното лице е ослободено од обврска за плаќање на ДДВ потребно е да се достави и важечка потврда за ослободување од ДДВ издадена од Владата на Република Северна Македонија.

**Број на линии и субвенционирана терминална опрема:**

- А1 Македонија го одобрува бројот на претплатнички линии побарани за активација од страна на МНП или ФНП Бизнис Претплатникот и ги определува условите за нивно активирање врз основа на извршена интерна анализа. А1 Македонија го задржува правото да дозволи активирање на помал број на дополнителни претплатнички линии од бројот на линии побарани од МНП или ФНП Бизнис претплатникот или воопшто да не дозволи активирање на дополнителни претплатнички линии.
- Доколку Претплатничкиот договор е склучен со задолжително минимално времетраење на договорната обврска од 12 или 24 месеци, Претплатникот може да набави терминални уреди (мобилен телефон, лаптоп, таблет, дата стик итн.) по субвенционирана цена за терминална опрема за мобилните претплатнички линии. По исклучок, на Претплатник за кој е утврдена платежна неспособност односно презадолженост базирана на извештај добиен од Македонското кредитно биро не му следува набавка на терминални уреди по

субвенционирана цена.

- Доколку Претплатничкиот договор е склучен на неопределено време или на договорна обврска од 3 месеци Претплатникот може да набави терминални уреди (мобилен телефон, лаптоп, таблет, дата стик итн.) по цена за терминална опрема утврдена во Ценовникот на А1 Македонија објавен на интернет страницата www.a1.mk за договор на 3 месеци или за договор на неопределено време (без субвенции).
- При склучување на ФНП Претплатнички договор со нов претплатник, кој не бил претходно корисник на тарифните модели кои ги нуди А1 Македонија, дозволено е активирање на максимум пет (5) фиксни линии. При активација на дополнителен - втор пакет кој вклучува фиксни услуги активацијата се прави на нов Претплатнички договор.Еден Претплатник може да потпише максимум три (3) Претплатнички договори.

e. **Обнова (продолжување) на задолжително минимално времетраење на договорната обврска на постоечки валиден претплатнички договор:**

- Обновата на задолжителното минимално времетраење на договорната обврска на постоечки валиден Претплатнички договор може да се изврши за сите претплатнички линии за коишто истекува договорната обврска. Обновата не е дозволена за правни лица – МНП или ФНП Бизнис Претплатници коишто имаат неплатени доспеани сметки.
- Обновата на задолжително минимално времетраење на договорната обврска на претплатничките линии се врши со поднесување на извод за тековната состојба на правното лице - Претплатник издаден од Централниот регистар на РМ не постар од 1 месец кој што на барање на претплатникот може да биде обезбедено од страна на А1 Македонија.
- Договорот за обнова на задолжителното минимално времетраење го потпишува законскиот застапник или од него опономоштено лице со приложување на лична карта или пасош од законски застапник кој го потпишува договорот, или доколку договорот го потпишува ополномоштено лице - негова лична карта или пасош и полномошно потпишано од законскиот застапник и заверено со печат од правното лице - Претплатник.
- За сите обновени мобилни претплатнички линии, на период од задолжителното минимално времетраење на договорната обврска на нови 12 или 24 месеци им следува набавка на терминални уреди по субвенционирана цена за терминална опрема во согласност со моменталната важечка понуда од А1 Македонија за корисниците. По исклучок, на Претплатник за кој е утврдена платежна неспособност односно презадолженост базирана на извештај добиен од Македонското кредитно биро не му следува набавка на терминални уреди по субвенционирана цена.

f. **Склучување на нов Претплатнички договор кој претходно бил раскинат поради постоење на околности на страната на МНП или ФНП Бизнис Претплатникот:**

- МНП или ФНП Бизнис Претплатник на кој А1 Македонија претходно му го раскинал Претплатничкиот договор поради неисполнување на договорните обврски или други причини на страна на Претплатникот, може повторно да воспостави претплатнички однос со А1 Македонија само со склучување на нов Претплатнички договор. Склучување на нов Претплатнички договор е дозволено само доколку Претплатникот претходно ги платил сите заостанати месечни сметки од претходниот Претплатнички договор, и евентуални административни, судски и нотарски трошоци како и трошоци за извршител.
- Документите потребни за склучување на нов Претплатнички договор се исти како оние предвидени под точка 4) а. погоре.
- Со склучувањето на новиот Претплатнички договор, на правното лице -Претплатник му е дозволено да активира онолку претплатнички линии колку што користел во моментот на раскинувањето на претходниот Претплатнички договор. Активирање на нови дополнителни претплатнички линии не е дозволено во период од 120 дена од денот на склучување на новиот Претплатнички договор.

- Активирање на претплатничките линии е дозволено само со склучување на Претплатнички договор со задолжително минимално времетраење на договорната обврска од12 или 24 месеци. Во овој случај на Претплатникот не му следува набавка на терминални уреди по субвенционирана цена за терминална опрема, туку само по цени утврдени во Ценовникот на А1 Македонија објавен на интернет страницата www.a1.mk за договор на ̄3 месеци или за договор на неопределено време (без субвенции).
- При склучување на Претплатничкиот договор ке се испита техничката и законската можност за доделувањето на истите претплатнички броеви (нумерација) кој што биле пренесени од операторот - давател на број. Доколку не е можно активирање на претплатничките линии со истите претплатнички броеви, А1 Македонија на МНП или ФНП Бизнис Претплатникот ќе му додели нови броеви од нумерациското подрачје на А1 Македонија наменето за корисниците.

**6) Уплата на авансни парични средства како гаранција:**

А1 Македонија го задржува правото да побара уплата на авансни парични средства како гаранција, од било кој тип на Претплатник согласно погоре наведените точки од 1) до 5), вклучувајќи, но не ограничувајќи се при постоење на една од подолу наведените околности:

a. Склучување на нов Претплатнички договор кој претходно бил раскинат поради постоење на околности на страната на Претплатникот. Висина на авансна уплата - **1.500 денари** по активирана претплатничка линија.
b. Барање за активирање на претплатнички линии во тарифни модели со месечна претплата над
2.000 денари. Висина на авансна уплата - **соодветна (иста) со износот на месечната претплата** по активирана претплатничка линија.
c. Барање за активирање на претплатнички линии од страна на Физички лица - странски државјани со престој во Република Северна Македонија. Висина на авансна уплата - **12.000 денари** без разлика на бројот на активирани претплатнички линии.
d. Склучување на нов Претплатнички договор, негова обнова или издавање на дополнителни линии со Претплатник за кој е утврдена платежна неспособност односно презадолженост базирана на извештај добиен од Македонското кредитно биро. Висина на авансна уплата - **6.000 денари** по активирана претплатничка линија.
e. Склучување на нов Претплатнички договор, негова обнова или издавање на дополнителни линии со Претплатник кој добива од А1 Македонија субвенционирана терминална опрема по цена од 0 денари при што доделената субвенција е поголема од 12.000 денари по претплатничка линија. Висина на авансна уплата - **3.000 денари** по активирана претплатничка линија.

Авансните уплати се вршат во продажните салони на А1 Македонија во готово или во деловните банки со вирманска уплата на износот на жиро сметката на А1 Македонија.

Во партнерските продажни места на А1 Македонија не е можна уплата на авансни парични средства како гаранција.

**7) Одбивање на барање за засновање претлатнички однос со А1 Македонија**

А1 Македонија го задржува правото да го го одбие поднесеното Барање за засновање

претлатнички однос во случај кога е исполнет било кој од подолу наведените услови:

I. Доколку надоместокот за почетно приклучување не е подмирен во пропишаниот рок (под услов таков надоместок да е предвиден за плаќање согласно Ценовникот на А1 Македонија),

II. Доколку износот на побараната гаранција т.е. депозит определен од А1 Македонија не е платен во дадениот временски рок;

III. Доколку барателот има неподмирен доспеан долг кон А1 Македонија;

IV. Доколку е потврдено дека барателот не е платежно способен или доколку барателот не ја даде потребната согласност за проверка на неговата платежна способност при поднесувањето на Барањето;

V. Доколку надлежен орган утврди дека барателот има извршено повреда на одредбите на ЗЕК и други закони или прописи;

VI. Доколку барателот не ја поднесе до А1 Македонија целосната потребна документација за склучување претплатнички договор во согласност со Општите Услови за пристап и користење на јавни електронски комуникациски услуги со и оваа Политика или доколку А1 Македонија утврди дека поднесената документација не е оригинална или истата не е важечка;

VII. Доколку постојат ограничувања во врска со капацитетот и техничките можности на А1 Македонија;

VIII. Доколку барателот не ги исполнува условите за склучување на Претплатнички договор утврдени во Општите Услови за пристап и користење на јавни електронски комуникациски услуги и оваа Политика.

**8) Важење на Политиката за поднесување барања и склучување договори за засновање претлатнички однос за пристап и користење на јавни комуникациски услуги со Друштвото за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје**

Оваа Политика на А1 Македонија важи за сите Претплатници и подносители на Барање за склучување договор за засновање претплатнички однос со А1 Македонија.

- Оваа Политика на А1 Македонија е јавно објавена на веб страницата www.a1.mk и достапна за увид во секое овластено продажно место на А1 Македонија.
- Оваа Политика на А1 Македонија може да бидат изменета и дополнета од А1 Македонија во секое време. Дополнетата или изменетата верзија на оваа Политика на А1 Македонија ќе биде објавена на веб страницата www.a1.mk.